*Борка Драгојевиќ Јосифовска*

# ЕГЕЈСКО-МИКЕНСКИ МЕЧ ОД АРХЕОЛОШКИОТ МУЗЕЈ ВО СКОПЈЕ

Фактот дека во скопскиот Археолошки музеј веќе низа години се чува еден извонредно значаен експонат, во својот вид единствен во Југославија, имено еден бронзен меч од егејско-микенски тип[1]), познат е не само на учените од Југославија и надвор од неа, туку и на сите оние што кај нас се интересираат подлабоко за историјата на својата земја, преди сè што предметот неколку години беше изложен во праисторискиот оддел на спомнатиот музеј[2]), потем што неколку пати се споменува во специјалната археолошка литература[3]), и, најсетне, што за него, патем станува збор и во Енциклопедијата на Југославија[4]). Сепак, сè до денеска мечот не беше публикуван детаљно и со сите нужни податоци кои треба да бидат познати во интерес на вистинската состојба на работите, па заради тоа сметаме за своја должност, иако со задоцнување, да сториме макар сега она, што требаше порано да се направи.

Пред да пријдеме кон понатамошното изложување, ќе соопштиме под кои услови мечот беше набавен за Музејот. Од пред малу приведената литература се гледа дека ни еден од спомнатите автори не се посомневал во тоа дека мечот потекнува од Македонија, при што некои од нив дури биле убедени дека тој бил пронајден во Тетово, или во неговата околина. Работите, меѓутоа, стојат поинаку, што нив не им беше познато, а што не треба и понатаму да остане непознато. Како сигурно

---

[1]) Предметот е заригистриран во „Книгата за влегување" на Археолошкиот музеј под број 733.

[2]) Изложбата беше поставена од страна на Д. Вучковиќ—Тодоровиќ во стручна соработка со М. Гарашанин и И. Дегмеџиќ во 1952 година и беше отворена сè до преместувањето на Музејот на Кале во 1953 година, каде за нејзиното понатамошното задржување повеќе немаше услови.

[3]) M. Garašanin, Neolithikum und Bronzezeit in Serbien und Makedonien, 39 Bericht der Römisch-Germanischen Komission (1958), 124. N. K. Sandars, Later aegean bronze swords, American Journal of Archaeology 67 (1963) 119, 120, 145). Податоците за мечот Sandars ги има добиено од д-р З. Вински, којшто ни самиот не беше точно запознаен со условите под кои предметот бил набавен за Музејот.

[4]) M. Šeper, Arheološka nalazišta u Makedoniji, Enciklopedija Jugoslavije I, Zagreb 1955, 182. M. Grbić, Makedonci, Enciklopedija Jugoslavije V (1962) 602.

може да се смета само тоа дека мечот е купен во Тетово, бидејќи неговиот тогашен сопственик не знаеше ништо за неговото потекло, а ни за тоа по кој начин тој дошол во сопственост на неговите дедовци, така што сето тоа засега останува непознато[5]). Сепак, ако не се губи од предвидот значењето на населбата која во архајскиот период се наоѓала на местото на денешното Тетово заклучувајќи според гробницата откриена таму во 1932 година[6]), тогаш никако не е исклучено, дури станува мошне веројатно, дека вопросниот меч бил пронајден токму во Тетово[7]), или во неговата непосредна близина, можеби на т. н. *Исар*, кадешто С. Радојчиќ има установено остатоци од солидни ѕидишта за кои мисли дека „можеби" потекнуваат од архајски град[8]), а на кој М. Грбиќ, покрај другото, има установено и остатоци од праисториското време[9]).

Сумарен опис на мечот наоѓаме кај веќе спомнатата N. Sandars.[10]) Ние ќе се погрижиме дадениот опис да го дополниме со уште некои детали (сл. 1 и 2). Со исклучок на јаболкото (pommel-tang) мечот е зачуван во својата полна должина која изнесува 0,99 м, што ни дава можност во потполност да се здобиеме со претставата за елегантната форма на мечовите од овој вид. Тој има виток, и во однос на должината несразмерно тесен лист, а при неговата основа, од десната и левата страна косо издигнати крилца во вид на рокчиња, чии врвови се оддалечени еден од друг околу 8,5 см. Должината на овие рокчиња изнесува 10, а ширината сса 2 см. Должината на листот изнесува 83 см, а најголемата ширина, имено при неговата основа 4 см. Оттука, стеснувајќи се постепено, листот завршува со врв, којшто е, како често се случува, од долгата употреба малу свиткан. Низ целата должина на листот од едната и од другата страна се протега полукружно пластично ребро, чија ширина и пластичност соодтветно на димензиите на листот постапно се намалуваат. Самото ребро, кое кај мечовите од овој вид обично помалку или повеќе раскошно се украсува, во дадениов случај не покажува ни најнезнатни траги од каква и да е декорација, така што со сигурност може да се рече дека таква и не постоела. Листот, меѓутоа, е украсен со по четири фини, паралелно врезани линии со коишто е фланкирано реброто од едната и од другата страна. Што се однесува до рачката на мечов, од неа се запазени само шајки со кои таа била прицврстена. Тие се солидни, со, сразмерно на ширината на јазичето, широки, малу заоблени

[5]) Уште во 1949 година потписаната го откупила мечот за Археолошкиот оддел при Народниот музеј во Скопје од Драги Серафимовски, жител на Тетово. Во купот оружје, кое претставуваше реквизити на една театарска група, археолошка стојност имаше единствено нашиот меч.

[6]) Светозар Радојчић, Менада из Тетова, Гласник Скопског научног друштва XII, Скопље 1933, 243 sqq.

[7]) Од Тетово, наводно, потекнува и еден илирско-грчки шлем за кој соопштува П. Лисичар според устните податоци добиени од С. Радојчиќ (Црна Коркира и колоније античких Грка на Јадрану, Скопје 1951, 46.

[8]) О. с. 251.

[9]) Миодраг Грбиќ, Археолошки наоѓалишта во Македонија, Гласник на Музејско-конс. друштво на НРМ I, Скопје 1954, 110, 111, 118.

[10]) О. с. 145,



Сл. 1




Сл. 2

глави[11]), зачувани сите — десет на број, од коишто шест се поместени на јазичето од рачката, два при коренот на рокчињата, а другите два нешто подолу на листот. Во прашање од каков материјал можела да биде рачката и каков облик и декорација можеби таа имала, нема да завлегуваме. Сепак, патем, ќе подвлечеме, поправо ќе повториме уште еднаш она што одамна е добро познато, дека вакви мечови обично имале рачки од скапоцен, иако лесно скршлив материјал: филдиш, фајанс, полускапоцен камен и слично, и дека често биле убаво украсени. За декорацијата на листот веќе пред малу зборевме. Ќе прибавиме само дека тој, со оглед на тоа што мечов претставува еден навистина фин примерок, можеби бил позлатен, а шајките обвиткани со злато.

За мечовите од предримскиот период воопшто; а, се разбира, и за оние од бронзениот период, доста е пишувано. Од постарата литература ќе го посочиме само Милер (Müller)[12]), кој во своето подолу цитирано дело дава детаљна обработка на микенските мечови, и Науе, којшто, тргнувајќи од тогаш расположивиот материјал, извршил класификација на мечовите од предримскиот период и ја предложил нивната хронологија[13]). Во поново време класификацијата на егејско-микенските мечови ја има извршено Дешлет, кај којшто тие се разделени во шест основни типови[14]), и Каро, кој мечовите од гробовите со јами, откриени во Микена, ги класифицирал во типовите А и Б[15]). Во најново време, меѓутоа, поправо во изминатите неколку години, од печат се излезени и две студии од N. Sandars посветени специјално на проблематиката на егејските мечови. Во првата од нив авторот, прифаќајќи ја класификацијата на Каро, расправа за првите егејски бронзени мечови, за нивното потекло и распространетоста[16]). Во втората, меѓутоа, таа, покрај другото, врз основа на поопсежен компаративен материјал отколку кај нејзините претходници, дава детаљно разработена класификација на мечовите од подоцнежно време, имено од XV до XII век, така што егејските мечови сега се класифицирани во типовите од А до Е, со тоа што некои од нив имаат и под-типови[17]). Системот на класификацијата и овде појдува од формата на рачката, бидејќи таа, како подвлекува авторката, покажува поголема постојаност и карактеристики кои полесно можат да се дефинираат, отколку листот[18]). Во рамките на оваа класификација нашиот меч му припаѓа кон типот

---

[11]) Нивниот промер изнесува околу 1, 4 см.

[12]) Sophus—Müller, Ursprung und Entwicklung d. europäische Bronzecultur (цитирано према J. Naue).

[13]) J. Naue, Die Vorrömischen Schwerter aus Kupfer, Bronze und Eisen, München 1903.

[14]) J. Déchelette, Manuel d'archéologie préhistorique celtique et Gallo-romaine II, I-ère partie, Age du bronze, Paris 1928, 210 sqq.

[15]) G. Karo, Schachtgräber vom Mykenai (1930—33) 200—206) цитирано према N. K. Sandars.

[16]) N. K. Sandars, The first aegean swords and their ancestry, AJA 65 (1961) 17—29.

[17]) N. Sandars, o. c. (види наша заб. 3). И од ова место најтопло му се заблагодарувам на проф. К. Миков кој ми укажа на оваа студија и овозможи во Софија да се запознам со неа.

[18]) Ibid. 119.

Ci[19]). Овој тип во сушност претставува само еден од под-типовите на типот C (the „horned" sword) што се појавил во XV век како резултат од комбинацијата на типовите A и B од претходниот XVI век[20]). Најдобар доказ за тоа дека оваа комбинација била успешна, според мислењето на Sandars, претставува фактот што вакви мечови надвор од Егејската област се констатирани на просторот од Палестина до Пловдив во Бугарија и Скопје во Југославија[21]). За мечовите од овој тип карактеристично е што облигатно имаат два отвора за шајки на листот и обично еден до три на рачката, што никако не значи, како што ќе видиме подолу, дека не може да има и некои разлики што се однесува до нивниот број и распоред. На овој тип според Sandars му припаѓаат и два меча од Zapher Papoura кај Кносос (бр. 36 и 40), кои се одликуваат со забележителна должина и раскошна декорација[22]), потем мечовите од: Дендра, Микена, Просимна, три од Епир (Додона и Пераматос), од Бугарија (Долно Левски, Перуштица и Доктор Јосифово), Арголида и тн[23]). Во рамките на приведената група нашиов меч и оние од Додона, Пераматос и Долно Левски се изделуваат со една карактеристика, која се состои во тоа што кај нив се појавува уште едно ќифте шајки, одн. отвори за шајки врз листот[24]). Кај нашиов меч тие се поместени при базата на крилцата. Таков е случајот и со мечовите од Пераматос, коишто се, и покрај некои разлики, типолошки тесно поврзани со нашиот, па според тоа можат да се приведат како најблиска аналогија за него[25]). Споредувајќи го нашиов меч со подобро запазениот од Пераматос веднаш ќе забележиме разлики што постојат во формата на јазичето од рачката, во бројот на отворите за шајките, како и во нивната големина. Додека јазичето од нашиот меч е насекаде со еднаква ширина, како што е случајот, на пр., и кај пред малу спомнатите мечови од Зафер Папура, и има шест големи отвори за шајки, кај подобро запазениот меч од Пераматос јазичето постапно се проширува кон врвот, а отворите за шајките — само два— имаат мали димензии. Со оглед на должината на мечот од Археолошкиот музеј, која изнесува без јаболкото речиси еден метар, што значи дека е подолг и од пред малу спомнатите долги мечови од Зафер Папура, како и од подолгиот од Пераматос[26]), тој претставува извонредно долго, поправо најдолго оружје од овој вид во рамките на типот во кој е вклучен[27]).

[19]) Ibid. 145.

[20]) Ibid. 119.

[21]) Ibid.

[22]) Ibid. 144.

[23]) Ibid. Cat. Мечовите од Бугарија со својата рачка се разликуваат доста од останатите мечови од типот Ci (Sandars, o. c. 121).

[24]) Sandars, ibid. 120.

[25]) Ibid. 120 и Cat. 145. Нашиот меч со епирските мечови, според Sandars, образуваат една, Епирско-југословенска, група (стр. 125). За кого и од какви мајстори можеле да бидат изработени мечовите од оваа група, како и оние од Бугарија, Сандерс расправа на истото место.

[26]) Без рачката должината му изнесува 0,85. Споредувајќи го овој меч со нашиот N. Sandars вели „. . .possibly as long as the heaviest from Péramatos, or longer", иако ѝ се познати неговите димензии (в- Cat. 145).

[27]) Со ова им се доближува до мечовите од типот A, кои понекогаш имаат должина поголема од 1 метар (cf. Sandars 117).

Тргнувајќи од класификацијата на Дешлет мечот му припаѓа на типот опишан под точката 3[28]). Според Еванса овој тип е карактеристичен за доцноминојскиот период II (LM II), но неговата употреба продолжува и во наредниот период[29]). Sandars соопштува дека мечовите од овој тип, каде тоа можело да се изнајде, потекнуваат од средината, или од втората половина на XV-иот век, но потцртува дека е можно повеќе мечови од континентална Грција да се нешто помлади од критските, имено од почетокот на XIV-иот век,а за периферните групци Ci и Cii мечови вели дека се „веројатно" од првата половина на овој век[30]). Значи, нашиот меч исто така можел да биде изработен во ова време, имено во XIV век, поточно во неговата прва половина[31]). Што се однесува до неговото потекло Sandars вели, дека изгледа дека тој претставува оригинален егејски производ.[32]) М. Гарашанин, расправајќи за бронзеното време во Македонија, е на мислење дека тој би можел да се брои во предметите на микенски импорт во областите северно од Грција[33]), а М. Грбиќ тврди, дека наодот на овој меч во Македонија укажува на тесни врски во бронзеното време помеѓу неа од една страна и „хеладскиот Југ" од другата[34]). И според нашето мислење, доколку мечот навистина бил пронајден во Македонија, поправо во Тетово[35]), во него би можеле да видиме повеќе еден предмет на импорт од Егејската област, отколку производ на некоја домашна работилница во која се работело по микенски образец[36]).

---

[28]) O. c., fig. 65—5. На типот Ci овдека му одговараат формите опишани под точките 3 и 4.

[29]) A. J. Evans, The préhistoric tombs of Knossos I. The Cemetery of Zafer Papoura. Archaelogia, t. XIX, 1906, 107 (цитирано според Déchelette). Cf. M. Ebert, Real-lexikon der Vorgeschichte XI, Berlin 1927/28, 462—10.

[30]) O. c. 120 и 126.

[31]) Не знаеме како се датирани мечовите од Peramatos, бидејќи студијата на Dakaris во Arch Eph. од 1958 година не ни е пристапна.

[32]) O. c. 120.

[33]) O. c. 124.

[34]) Енциклопедија Југославије V, 602.

[35]) Можеби тој во поново време по некој начин дошол во Македонија, на пр. со преселувањето на некое турско или друго семејство. Не е редок случај археолошки објекти понекогаш да се чуваат во некои семејства како еден вид реликвии што ги предаваат од колено на колено.

[36]) Проф. Миков, на пр., мисли дека микенските мечови, пронајдени во Бугарија, биле пренесени по трговски пат (Предисторически селишта и находки в България, Софија 1933, 96), додека Р. Попов вели дека уште не може со сигурност да се одговори на прашањата: дали тие дошле тука по тој начин, или за време на воени походи, или биле изработени од домашни мајстори (Култура и живот на предисторическия човек въ България, София 1930, 24).

Цртежот на мечот е изработен од д-р И. Микулчиќ, кустос во Археолошкиот музеј во Скопје, а фотографијата е сопственост на истиот музеј (фотограф Димче Черњаковски).

За јазичната редакција на текстот најтопло му се заблагодарувам и по овој пат на проф. д-р М. Д. Петрушевски.

*Borka Dragojević Josifovska*

## UNE ÉPÉE ÉGÉO-MYCÉNIENNE CONSERVÉE AU MUSÉE ARCHÉOLOGIQUE DE SKOPJE

### *RÉSUMÉ*

L'épée de bronze publiée ici a été achetée par la soussignée en 1949 dans la ville de Tetovo (à l'Ouest de Skopje) sans données sur le lieu et les conditions de la découverte. L'épée est à lame effilée, avec ailettes relevées en forme de cornes à la base de lame et à soie assez large avec de gros rivets (fig. 1 et 2). Sa longuer est: 0 m 99. Selon la classification de N. K. Sandars, elle appartient au type C, subdivision Ci. Les analogies les plus proches pour notre épée sont fourrnies par les épées de l'Épire (de Péramatos et Dodone). Les épées du type en question d'après A. J. Evans peuvent être regardées comme propres au minoen récent II, mais elles restent en usage encore à la période suivante, c'est-à-dire au minoen récent III. D'après cela, ne perdant pas aussi de vue l'opinion de Sandars concernant cette question, notre épée peut être datée de la première moitié du XIV siècle.